Самостоен синдикат за
образование, наука и култура
на Република Македонија
- СОНК -

Sindikata e Pavarur për
arsim, shkencë dhe kulturë
e Republikës së Maqedonisë
- SASHK -

**Архивски број:08-74/1**
**Датум: 23.09.2024 година**

Врз основа на длабока исцрпна расправа и анализа на состојбите во дејноста образование, а во согласност со член 53 од Статутот на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија - СОНК, Советот на СОНК на својата 30-та редовна седница, одржана на 21.09.2024 година, едногласно ги донесе следните:

## КОНСТАТАЦИИ И ЗАКЛУЧОЦИ

1. Советот на СОНК го пренесе огромното незадоволство на членовите на СОНК од дејностите основно и средно образование, заради непочитување на законската обврска за усогласување на платите во споменатите дејности за 2024 година.
2. И покрај тврдите изјави на високи владини функционери дека Буџетот на Република Македонија е празен, Советот на СОНК не ги прифаќа изјавите на министерката за образование и наука и претседателот на Владата дека во моментов нема пари за усогласување на платите на вработените во основното и средното образование за 2024 година.
3. Советот на СОНК смета дека е неопходно да се почитуваат одредбите од закон и колективни договори, кои се однесуваат на усогласување на платите и констатира дека мора да се изнајде начин за да се обезбедат пари за оваа дејност.
4. Советот на СОНК констатира дека премногу долго траат преговорите помеѓу СОНК и Министерството за образование и наука, односно Владата и сметаат дека час поскоро треба да завршат со прифатливо решение за двете страни, како би можело усогласувањето на платите да започне со септемвриската плата.
5. Советот на СОНК ја поздравува заложбата на Министерството за образование и наука и Владата, како и личната заложба на претседателот на Владата за изнаоѓање на дополнителни средства во централниот буџет на државата за да се исплатат средствата на вработените во споменатите дејности.
6. Во духот на коректното и конструктивното социјално партнерство со Министерството за образование и наука и Владата, Советот на СОНК го прифати Барањето на Кабинетот на претседателот на Владата за дополнителен период за преговори од една недела, односно до крајот на месец септември 2024 година.
7. Доколку и по овој период не се излезе со позитивно решение за членовите на СОНК, односно за вработените во основното и средното образование, Советот на СОНК ќе донесе Одлука за понатамошни синдикални активности, не исклучувајќи ги и најрадикалните.
8. Советот на СОНК заклучи дека треба веднаш да започнат преговорите за склучување на нови колективни договори во основното, средното и високото образование и истите што поскоро да завршат.


Самостоен синдикат за
образование, наука и култура на
Република Македонија - СОНК

ул. „Маџир Маало“ бр. 36, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3115 011
www.sonk.org.mk
sonk@sonk.org.mk

9. Имајќи го овогодинешното негативно искуство со усогласување на платите, Советот на СОНК бара од Министерството за образование и наука сериозен пристап кон планирање на Буџетот за 2025 година, имајќи ги предвид обврските кои произлегуваат од Општиот колективен договор за јавниот сектор, како и предизборните ветувања на дел од сегашните владини претставници за подигнување на социјалниот статус на просветните работници на нивото кое го заслужуваат.

10. Советот на СОНК изразува незадоволство од начинот на креирање на закони и нивни измени и дополнувања без учество на СОНК, како претставник на вработените од оваа дејност. Воедно, упатува реакција до Министерството за образование и наука, активно да го вклучи СОНК во процесот на подготовка на закони, подзаконски прописи и други акти кои се однесуваат на правата, обврските и одговорностите од работен однос на работниците во установите од дејноста образование.

11. Советот на СОНК ја искажува својата подготвеност да стори максимални напори за надминување на лошите состојби во образованието и по пат на социјален дијалог и партнерство, со својата стручна помош и поддршка, да даде придонес во подигнување на социјалниот статус на вработените во образованието и науката, планирање и реализација на реформите, како и подигнување на квалитетот на оваа многу значајна дејност во општеството.

**Претседател,**
**Јаким Неделков**

Самостоен синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија
1
СКОПЈЕ


Самостоен синдикат за
образование, наука и култура на
Република Македонија - СОНК

ул. „Маџир Маало“ бр. 36, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3115 011
www.sonk.org.mk
sonk@sonk.org.mk